Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 02-2224/5
19.10.2020 год.
Велес

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување : тарифите за водни услуги („Сл.весник на Р.М бр. 63/2017„), член 19 од Законот за јавн претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( „Сл.весник н Р.М„ бр. 63/2017), Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење ил водоснабдување на ЈКП ДЕРВЕН-Велес за регулиран период 2021-2023 година под бр. УП1.бр. 0: 93/20 од 01.10.2020 година и член 22 од Статутот на ЈКП ДЕРВЕН-Велес, Управниот Одбор на ЈК ДЕРВЕН-Велес„ на одржаната седница на 19.10.2020 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ДЕРВЕН-Велес за период од 2021-2023 година

**Член 1**

Се усвојува предлог одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење ил водоснабдување на ЈКП ДЕРВЕН-Велес за период од **2021-2023 година** донесена врз основа на Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ДЕРВЕН-Велес за регулиран период 2021-2023 година под бр. УП1.бр. 08-93/20 од 01.10.2020 година и тоа:

-утврдена тарифа - цена за водата за пиење за физички лица да изнесува:

**за 2021 година 32,99 денари/м$^3$+ 5% ДДВ** ,

**за 2022 година 33,42 денари/м$^3$+ 5% ДДВ**

**за 2023 година 33,26 денари/м$^3$+ 5% ДДВ**

-утврдена тарифа - цена за водата за пиење за правни лица да изнесува:

**за 2021 година 64,15 денари/м$^3$+ 5% ДДВ**

**за 2022 година 63,32 денари/м$^3$+ 5% ДДВ**

**за 2023 година 61,36 денари/м$^3$+ 5% ДДВ**

**Член 2**

Со донесувањето на оваа Одлука се поништува Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ДЕРВЕН-Велес за период од 2018-2020 година со бр.02-2287/6 од 24.09.2018 година, донесена на 24.09.2018 година од страна на Управниот одбор на ЈКП ДЕРВЕН-Велес.

**Член 3**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Велес,а ќе се применува од 01.01.2021 година.

Претседател
на Управен одбор на ЈКП Дервен
Дипл.Правник Александар Јаковлески